**ГРАД СКОПЈЕ**

| | |
|---|---|
| **ПРЕДЛАГАЧ:** | **Градоначалник на Град Скопје** |
| **ИЗГОТВУВАЧ:** | **Сектор за финансиски прашања** |
| | **Сектор за сообраќај** |
| **ПРЕТСТАВНИК:** | **Секретар на Град Скопје** |
| **ПОВЕРЕНИК:** | **Претставник од Сектор за финансиски прашања** |
| | **Претставник од Сектор за сообраќај** |

# ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА

**за домашно долгорочно задолжување на Град Скопје за набавка на еко автобуси**

Скопје, мај 2025

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 11 став 5 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 202/24), а во врска со член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), Советот на Град Скопје на ______________ седница, одржана на __________________ 2025 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за домашно долгорочно задолжување на Град Скопје за набавка на еко автобуси**

Член 1

Град Скопје се задолжува кај домашна банка со долгорочен заем во износ од 930.000.000,00 денари, наменет за набавка на еко автобуси.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 од оваа Одлука се утврдуваат со Договор за заем кој ќе се склучи меѓу Град Скопје и домашна банка.

Во име на Град Скопје, Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише Градоначалникот на Град Скопје.

Член 3

Град Скопје, заемот од член 1 од оваа Одлука ќе го отплаќа од Буџетот на Град Скопје.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број _________________
______ 2025 година

С к о п ј е

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Трајко Славески

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 202/24), утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје, а со член 11 став 5 од истиот закон, утврдено е дека Општината има право да се задолжува на домашниот и странскиот пазар на капитал, во согласност со закон.

Со член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25) утврдено е дека Општината може долгорочно да се задолжува за финансисрање на капитални проекти и инвестиции, кое го одобрува Советот на општината.

Со набавката на еко автобуси преку домашно долгорочно задолжување ќе се овозможи лесно достапен и современ јавен превоз притоа водејќи грижа за квалитетот на живеење и животната средина.

Воведувањето на еколошки автобуси ќе го намали загадувањето на воздухот и ќе обезбеди брз, безбеден и квалитетен превоз, кој ќе го подобри квалитетот на животот на граѓаните.

Воедно ќе ги поддржи напорите на градот во справување со предизвиците на јавниот превоз на поефикасен и структуиран начин, преку подготовка и имплементација на одржлив урбан план на мобилност, кој ќе води кон подобрување на јавниот транспорт и ќе го направи поатрактивен, се со цел да се намали користењето на приватните автомобили.

Врз основа на горенаведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлуката за домашно долгорочно задолжување на Град Скопје за набавка на еко автобуси.